ОПШТИНА ВЕЛЕС
MUNICIPALITY OF VELES

Република Северна Македонија
Општина Велес
Број: 26-5093/2
12.11.2025 година
Велес

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија" бр.101/19) а во врска со член 88 од Законот за општа управна постапка(Сл.весник на РМ бр.124/15), имателот на информации Општина Велес, постапувајќи по барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер бр.26-5093/1 од 03.11.2025 година, поднесено о[redacted] го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер со бр.26-5093/1 од 03.11.2025 година, поднесено о[redacted] со кое се бара информација од јавен карактер:

Одобрение за поставување на урбана опрема на локација за вршење на дејност на ул.Благој Ѓорев бр.97/1 Велес, а одобрението е издадено по барање на ДПТУ КАРМЕН КОМПАНИ ДООЕЛ Велес за период 2025 година па се до денес (вклучувајќи ги сите измени). Во прилог на Одобренијата да биде доставен и Елаборат за поставување на урбаната опрема, која е составен дел на одобренијата, одобрение за поставување на настрешници, поставување на маси и столици се вкупно, а локацијата се однесува на КП 6673 и КП 6674 за КО Велес.

и истата да се достави на барателот по е-маил, **СЕ УСВОЈУВА.**

## Образложение

Службените лица за посредување со информации од јавен карактер кај имателот на информации Општина Велес, постапувајќи во законски определениот рок по горенаведеното барање согласно член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија" бр.101/19), констатираа дека бараната информација е информација од јавен карактер и истата му ја доставува на барателот:

ОПШТИНА ВЕЛЕС
MUNICIPALITY OF VELES

Во прилог на Решението ви го доставуваме Одобрението за поставување на урбана опрема со бр.08-5075/3 од 31.10.2025 година.
Општина Велес Ве информира дека може да извршите увид во Елаборатот за поставување на урбаната опрема, која е составен дел од одобренијата, во просториите на Општина Велес.

Согласно горенаведеното, имателот Општина Велес одлучи како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова Решение незадоволната странка може да поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, во рок од 15 дена од приемот на Решението.

За Општина Велес
Службени лица за посредување со информации од јавен карактер

Марија Цилакова
Даниела Саздова
Фросина Маџарова

Доставено до:
-барателот;
-списи и архива.



*Општина Велес / Municipality of Veles*
*Street: „Panko Brashnar" No. 1*
*1400 Veles, North Macedonia*
*Tel/fax: ++389 43 232 966*
*e-mail: opve@veles.gov.mk*
*www.veles.gov.mk*